# МЕДИЈА ПРИЕМНИК KAON KSTB6077
# ДЕТАЛНО УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ



LIFE IS FOR SHARING.

# СОДРЖИНА


**1. ВОВЕД** ..... 4

**2. БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** ..... 4

2.1. ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ..... 4

2.2. ЧИСТЕЊЕ ..... 5

2.3. СЕРВИСИРАЊЕ ..... 6

2.4. ОГРАНИЧУВАЊА НА УПОТРЕБАТА НА УРЕДОТ ..... 6

2.5. ИЗЈАВА ЗА СООБРАЗНОСТ СО ДИРЕКТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ..... 6

2.6. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД КОРИСТЕНАТА ОПРЕМА ..... 7

**3. КАРАКТЕРИСТИКИ И ПОВРЗУВАЊЕ НА УРЕДОТ** ..... 8

3.1. СОДРЖИНА НА КОМПЛЕТОТ ..... 8

3.2. ПОДАТОЦИ ЗА МЕДИЈА ПРИЕМНИКОТ (Android TV уредот) ..... 9

3.3. Опис на приклучоците на медија приемникот ..... 9

3.4. поврзување на медија приемникот ..... 11

3.5. УРЕД ЗА ДАЛЕЧИНСКО УПРАВУВАЊЕ ..... 12

**4. ПРВО ВКЛУЧУВАЊЕ НА УРЕДОТ** ..... 14

4.1. ПОВРЗУВАЊЕ НА ДАЛЕЧИНСКИ УПРАВУВАЧ СО УРЕДОТ ..... 14

4.2. ИЗБОР НА ЈАЗИК ..... 15

4.3. ИЗБОР НА WI-FI МРЕЖА ..... 15

4.4. НАЈАВУВАЊЕ НА GOOGLE ПРОФИЛ ..... 16

4.5. GOOGLE СОГЛАСНОСТИ ..... 16

4.6. ИЗБОР НА ИМЕ НА УРЕДОТ ..... 17

4.7. ПРЕБАРУВАЊЕ КАНАЛИ НА ДИГИТАЛНА КАБЕЛСКА ТЕЛЕВИЗИЈА (DVB-T) ..... 18

**5. ПОЧЕТЕН ЕКРАН** ..... 19

**6. СИСТЕМСКИ ПОСТАВКИ** ..... 19

6.1 МРЕЖА ..... 19

6.2 GOOGLE CAST ..... 20

6.3 ЗВУК ..... 20

6.4 АПЛИКАЦИИ ..... 20

6.5 ЗАШТИТНИК НА ЕКРАН ..... 21

6.6 КАПАЦИТЕТ и РЕСЕТИРАЊЕ ..... 21

6.7 HDMI CEC ....23
6.8 ЗА (ИНФОРМАЦИИ) ....23
6.9 ДАТУМ И ВРЕМЕ ....24
6.10 JАЗИК ....24
6.11 ТАСТАТУРА ....24
6.12 ПОЧЕТЕН ЕКРАН ....24
6.13 помошник на GOOGLE ....24
6.14 ПРИСТАПност ....24
6.15 додади уред ....25
6.16 ЛОКАЦИЈА ....27
6.17 БЕЗБЕДНОСТ И ОГРАНИЧУВАЊА ....27
6.18 УПОТРЕБА И ДИЈАГНОСТИКА ....27
6.19 СМЕТКИ ....27
6.20 ДОДАЈ СМЕТКА ....27
**7. GOOGLE PLAY** ....28
7.1 Инсталирање апликација ....28
7.2 ДОДАВАЊЕ АПЛИКАЦИИ НА ПОЧЕТНИОТ ЕКРАН ....28
**8. ТРГОВСКИ МАРКИ** ....28

# 1. ВОВЕД

Пред да го користите уредот, прочитајте го деталното упатство за користење.

# 2. БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 2.1. ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Пред да го поврзете или да го користите уредот KAON KSTB6077, внимателно прочитајте го упатството и следете ги сите мерки на претпазливост. Непочитувањето на овие правила може да биде опасно по вашето здравје или да доведе до оштетување на уредот. Производителот и увозникот нема да се сметаат за одговорни за неправилно користење на уредот и неговите додатоци.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ




- Не го изложувајте уредот на следниве услови што можат да предизвикаат дефект:
  - прекумерна топлина (> 40°C) или студ (<0°C)
  - висока влажност
  - извори на топлина, на пример, во близина на клима уреди или грејни тела
  - прашина или саѓи
  - затворени простории што се тешки за вентилирање
  - директна сончева светлина.
- Не го изложувајте уредот на вода
- Не го поставувајте уредот над или под други електронски уреди
- Не го поставувајте уредот на место без соодветна вентилација.
- Никогаш не го изложувајте уредот на директни извори на топлина.
- Не ги покривајте отворите на уредот, тие служат за вентилација на уредот и го штитат од прегревање.

- Не го поставувајте уредот на нестабилна површина. Уредот може да падне и да предизвика сериозна повреда и оштетување на опремата.
- Не користете додатоци што не се препорачани од производителот бидејќи тоа може да предизвика дефект на уредот и губење на гаранцијата.
- Доколку додатоците на уредот се спакувани во пластични кеси, треба да ги отстраните и да ги чувате подалеку од деца. Неправилната употреба може да ги загрози, на пример, да доведе до задушување.
- Уредот и далечинскиот управувач имаат електромагнетно поле што може да влијае на вашето тело. За време на употребата, чувајте ги двата уреди на далечина од најмалку 20 см.
- Пред да ги поврзете каблите за напојување, проверете дали уредот и телевизорот се исклучени.

**Карактеристики на моќност:**

- Пред да го вклучите прекинувачот на уредот, проверете дали сите кабли се правилно поврзани.
- Приклучокот на адаптерот мора правилно да се вметне во штекерот.
- Уредот се напојува со надворешно напојување од 100V до 240V, 50/60 Hz. Користете стандарден штекер со заземјување или пренапонска заштита. Запомнете дека електричен удар од 100V до 240V може да биде фатален. Користете го само адаптерот што е доставен со уредот.
- Исклучете го кабелот за напојување на уредот држејќи го приклучокот, а не кабелот.
- Не ги допирајте приклучокот, кабелот, напојувањето и / или самиот уред со влажни раце.
- Ако каблите по приклучувањето започнат да се загреваат, исклучете го уредот од струја и контактирајте го вашиот овластен сервисер.
- Поставете го кабелот за напојување на начин на којшто нема да биде приклештен или допрен до предмети. Особено внимание треба да се посвети на локациите во близина на штекерот и влезот на кабелот до уредот.
- Како дополнителна заштита, за време на грмежи или кога уредот нема да се користи подолго време, се препорачува исклучување на адаптерот за напојување и на антената од уредот.

## 2.2. ЧИСТЕЊЕ

- Пред чистење, исклучете го уредот од штекер.
- Користете само влажна крпа за чистење на површината на уредот. Не користете хемикалии или запаливи течности или средства за чистење во спреј што можат да ја оштетат пластиката на кућиштето на уредот.

## 2.3. СЕРВИСИРАЊЕ

Никогаш не треба сами да го поправате уредот, бидејќи отворањето или отстранувањето на капакот ќе доведе до губење на гаранцијата и до ризик од струен удар. Контактирајте го овластениот сервисер за поправки.

Во случај на дефект на кабелот за напојување, ставање ситни предмети на уредот, изложување на уредот на течност или појава на чад од уредот, безбедно исклучете го уредот од изворот на напојување (за да избегнете ризик од електричен удар) и контактирајте го вашиот овластен сервисер.

## 2.4. ОГРАНИЧУВАЊА НА УПОТРЕБАТА НА УРЕДОТ

Уредот е наменет за внатрешна употреба. Производителот и увозникот не се одговорни за негативните влијанија што можат да произлезат од употреба на уредот спротивно на утврдените правила или локалното законодавство.

Уредот е конфигуриран да работи во фреквенциски опсег од 2400MHz до 5725MHz.

Во табелата подолу се наведени земјите ЕУ членки со ограничувања во работењето или барања за лиценцирање на опрема во фреквенцискиот опсег од 5150 MHz до 5875 MHz.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| AT | BE | BG | CH | CY | CZ |
| DE | DK | EE | EL | ES | FI |
| FR | HR | HU | IE | IS | IT |
| LI | LT | LU | LV | MT | NL |
| NO | PL | PT | RO | SE | SI |
| SK | TR | UK | | | |

## 2.5. ИЗЈАВА ЗА СООБРАЗНОСТ СО ДИРЕКТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Компанијата Kaonmedia co., Ltd. 884-3, Seongnam-daero, Bundang-gu, Seongnam-si, Gyeonggi-do, Korea, 13517 изјавува дека уредот KAON KSTB6077 е во согласност со Директивата 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот за усогласување на законите на земјите-членки за пуштање во промет на радио опрема и за укинување на Директивата 1999/5/ ЕЗ. Електронска верзија од овие безбедносни информации можете да најдете на: https://www.telekom.mk/upatstva-medija-priemnici-maxtv.nspx .

**Информации за опсегот на радиофреквенции на уредот и максималната моќност на пренесување**

| | Фреквенција | Максимална моќност на пренесување | Пропишано |
|---|---|---|---|
| Wi-Fi 2.4Ghz | 2400 - 2483.5 MHz | 16.79dBm (802.11b/g/n) | EN 300 328 V2.1.1 |
| Wi-Fi 5Ghz | 5150 - 5350 MHz | 19.96dBm (802.11ac) | EN 301 893 V2.1.1 |
| | 5470 - 5725 MHz | 19.96dBm (802.11ac) | EN 301 893 V2.1.1 |
| Bluetooth LE 2.4GHz | 2400MHz-2483.5MHz | 10.48dBm | EN 300 328 V2.1.1 |

**Информации за тестирањето на опрема поврзани со енергија (во согласност со Европската Директива 2009/125/ЕЗ)**

- Потрошувачката на енергија во активен режим е: 5.4W
- Потрошувачка на енергија во мирување е: 3W

## 2.6. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД КОРИСТЕНАТА ОПРЕМА

Симболот со пречкртана канта за отпадоци значи дека уредот и неговите додатоци (напојување, далечински управувач, кабли, батерии) не смеат да се фрлаат во обични контејнери за отпад. Корисникот е должен да ја фрли употребената опрема на определените места за собирање отпад од електрична и електронска опрема. Правилното собирање и рециклирање на опремата помага да се обезбеди рециклирање на електричниот и електронскиот отпад со цел за да се зачуваат вредните материјали и да се заштити човековото здравје и животната средина.

Пакувањето треба да се даде на одделување на отпад согласно со локалните прописи.

Пред фрлање на пакувањето, отпадот треба соодветно да биде одделен и доставен до собирните места. Увозникот на опремата финансиски учествува во обновувањето и рециклирањето на амбалажата.

Пакувањето е направено од картон.

# 3. КАРАКТЕРИСТИКИ И ПОВРЗУВАЊЕ НА УРЕДОТ

## 3.1. СОДРЖИНА НА КОМПЛЕТОТ



Android TV уред
Kaon KSTB6077




Далечински
управувач



Батерија AAA
– 2 парчиња



Мрежен кабел



HDMI кабел



Напојување

## 3.2. ПОДАТОЦИ ЗА МЕДИЈА ПРИЕМНИКОТ (Android TV уредот)

### Технички податоци

- Chipset: BCM7268 (15 K DMIPS, quad core, 1 MB L2 cache)
- GPU: Octa Core OpenGL ES3.1 3D GPU
- Меморија:
  - RAM: 2 GB DDR4
  - FLASH: 8 GB eMMC
- Поврзување:
  - WiFi 802.11ac 2x2 dual band
  - Bluetooth 4.1 LE
- Влез/Излез
  - 1 x USB 2.0 (A type)
  - 1 x ANT In
  - 1 x HDMI 2.0a with HDCP 2.2
  - 1 x S/PDIF (Optical)
  - 1 x RJ45 (10/100 Mbps fast Ethernet)
  - 1 x DC 12 V Power
- Оперативен систем: Android TV 8.0 (Oreo)

## 3.3. Опис на приклучоците на медија приемникот

### Предна страна на уредот




1. Вклучување / Исклучување на уред (режим на мирување)
2. Зелена / црвена диода – вклучен / исклучен уред или режим на мирување
3. Сина диода – нема поврзување со интернет

## Задна страна на уредот




1. ANT IN – приклучок за антена од кабелска телевизија DVB-T или домашна антенска инсталација со DVB-T сигнал
2. RJ45 – приклучок за мрежен (Ethernet) кабел  со пристап до Интернет
3. SPDIF – дигитален оптички аудио излез
4. HDMI – приклучок за поврзување со телевизор
5. 12 V = 1,5 A IN – конектор за поврзување на адаптерот од комплетот
6. ON/OFF – прекинувач за вклучување/ исклучување на уредот

## Лева страна на уредот




1. USB 2.0 приклучок

**Десна страна на уредот**




1. Поврзување со далечински управувач / враќање на фабричките поставки

## 3.4. ПОВРЗУВАЊЕ НА МЕДИЈА ПРИЕМНИКОТ

За да го поврзете уредот, направете ги чекорите дадени подолу.



## 3.5. УРЕД ЗА ДАЛЕЧИНСКО УПРАВУВАЊЕ

### Подготовка на далечинскиот управувач

При првото користење на далечинскиот управувач, отворете го капакот на задниот дел на кутијата и вметнете ги батериите во согласност со ознаките во внатрешниот дел на пакувањето (за да ги отстраните, отворете го капакот и нежно отстранете ги од внатрешноста на кутијата).



## Функции на далечинскиот управувач




LED диодата континуирано свети – поврзување
LED диодата трепка – слаба батерија

# 4. ПРВО ВКЛУЧУВАЊЕ НА УРЕДОТ

При првото вклучување на уредот, треба да го конфигурирате и да го поврзете на интернет мрежа, и да се најавите на Google профилот.

## 4.1. ПОВРЗУВАЊЕ НА ДАЛЕЧИНСКИ УПРАВУВАЧ СО УРЕДОТ

При првиот чекор, осигурајте се дека на екранот на телевизорот ќе се појави сликата подолу, а следно, на далечинскиот управувач притиснете и истовремено задржете 5 секунди на копчињата OK и ⟵, се до моментот кога диодата на далечинскиот управувач ќе светне.




Поврзувањето на далечинскиот управувач ќе биде потврдено доколку на екранот се појави сликата подолу (Спарено).




Понатаму, следната фаза од првата конфигурација на уредот ќе се појави автоматски.

## 4.2. ИЗБОР НА ЈАЗИК

При овој чекор треба да изберете јазик на интерфејсот на уредот – македонски, албански или англиски. Изборот ќе го направите користејќи ги копчињата за навигација **Нагоре** и **Надолу** и ќе потврдите со помош на копчето **OK**.

## 4.3. ИЗБОР НА WI-FI МРЕЖА

Овој чекор не е видлив доколку Интернетот е поврзан преку мрежен (Ethernet) кабел.

**Избор на Wi-Fi мрежа која што не е заштитена со лозинка**
Од листата на достапни мрежи, изберете ја вашата мрежа со помош на копчето за насочување и потоа потврдете го изборот со помош на копчето OK.

**Избор на Wi-Fi мрежа заштитена со лозинка**
Од листата на достапни мрежи, изберете ја вашата мрежа со помош на копчето за насочување и потоа потврдете го изборот со помош на копчето **OK**.
Потоа, внесете ја лозинката за Wi-Fi мрежата и потврдете со копчето **OK**.

**Поврзување на скриена мрежа (нема SSID презентација)**

На долниот дел од листата изберете го полето Друга мрежа и потврдете со копчето **OK**.
Потоа внесете го називот (SSID) на вашата Wi-Fi мрежа и потврдете со копчето **OK**.

Во следнито чекор, изберете го типот на мрежна безбедност.
Потоа внесете ја лозинката за Wi-Fi мрежата и потврдете со копчето **OK**.

**Поврзување преку WPS**
За да ја искористите оваа метода за поврзување со Wi-Fi мрежа, треба да го иницирате процесот на поврзување преку WPS на рутерот, којшто е извор на Интернет.
На долниот дел од листата, изберете ја опцијата **Поврзете преку WPS.**

## 4.4. НАЈАВУВАЊЕ НА GOOGLE ПРОФИЛ

За да можете целосно да го користите системот Android TV, најавете се со својот Google профил. Благодарение на тоа, ќе добиете пристап до ресурсите на Google Play продавницата и ќе добиете лични препораки во однос на филмови и музика. Сметката на Google ви овозможува и пристап до омилените видео содржини на YouTube сервисот.

**Најавување со помош на друг уред**
Можете да се служите и со друг уред (паметен телефон, таблет или лаптоп), којшто е најавен на Google сметката. На тој уред, влезете на веб страната adroidtv.com/setup и внесете ја шифрата која што ќе се појави на телевизорот.
Постапувајте согласно со упатствата на екранот на уредот. Ќе ви биде побарано да ставите шифра или да го изберете и потврдите профилот на којшто сакате да се најавите на уредот. Правилната најава ќе биде потврдена со известување, како што е покажано подолу. **Важно! Мора да бидете поврзани на истата Wi-Fi мрежа.**

**Најавување со помош на e-mail адреса и лозинка**
Изберете ја опцијата Користи далечинки управувач, а потоа внесете ја e-mail адресата и лозинката на Google сметката.

## 4.5. GOOGLE СОГЛАСНОСТИ

На следниот чекор можете да изразите согласност за користење на Google услугите: Услови за користење на Google и Google Play услугите, Политика за приватност на Google, Согаласност за локација, Согласност за учество во програмата за подобрување на Android системот.

За да се прикаже содржината, треба да го изберете бараниот документ и да потврдите со копчето **OK**. Прифаќањето на сите документи настапува по избирање на опцијата **Прифати** и по потврда со копчето **OK**.

## 4.6. ИЗБОР НА ИМЕ НА УРЕДОТ

Името на уредот ќе биде видливо во вашата мрежа.

**Избор на претходно дефинирано име**

Со помош на копчињата за насочување, изберете едно од претходно дефинираните називи за уредот, а потоа потврдете го изборот со копчето **OK**.




**Дефинирање друго име**

На долниот дел од листата изберете ја опцијата **Внесете друго име**, потоа напишете го соодветниот назив и потврдете со копчето **OK**.



## 4.7. ПРЕБАРУВАЊЕ КАНАЛИ НА ДИГИТАЛНА КАБЕЛСКА ТЕЛЕВИЗИЈА (DVB-T)

Отворете ја апликацијата **Live channels** во делот за апликации.




Поминете низ првичните чекори со притискање на копчето ОК, се додека не стигнете до делот за пребарување канали прикажан на екранот подолу.
За да започнете пребарување на каналите од дигиталната кабелска телевизија, осигурајте се дека имате приклучено антена на уредот, а потоа изберете ја опцијата **Започни пребарување**.

Доколку сакате да го прекинете пребарувањето на канали од дигиталната кабелска телевизија, изберете ја опцијата **Прескокни**. Во текот на пребарувањето на каналите на дигиталната кабелска телевизија – за време на активното пребарување на каналите можете да го следите вашиот напредок.




Зачувување на резултатите од пребарувањето – за да ги зачувате пребараните канали, изберете опција **Зачувај.**

# 5. ПОЧЕТЕН ЕКРАН

За да се појави главниот екран, притиснете на копчето **Дома** на далечинскиот управувач.




# 6. СИСТЕМСКИ ПОСТАВКИ

Пристапот до системските поставки е овозможен со избирање на иконката **Поставки** во горниот десен дел од екранот.




## 6.1 МРЕЖА

Во овој дел ќе најдете информации за статусот на интернет конекцијата како и за опциите за конфигурација.

**Поврзување на Wi-Fi мрежа**
За безжично поврзување на уредот со интернет, потребен е Wi-Fi рутер со интернет конекција. За да ги видите сите откриени мрежи преку уредот, изберете ја опцијата Прикажи ги сите. Потоа одберете ја бараната мрежа и постапувајте согласно со пораките прикажани на екранот.
За да го поврзете уредот на интернет со помош на кабел, поврзете го со рутерот со мрежен (Ethernet) кабел.

**Поврзување преку WPS**
Овозможува брзо поврзување со рутерот, доколку рутерот поддржува WPS опција.

**Додај нова мрежа**
Овозможува рачно додавање на мрежа, чијшто идентификатор (SSID) е сокриен.

## 6.2 GOOGLE CAST

Во овој дел ќе најдете информации за услугата **Chromecast** со која се овозможува гледање содржини од вашиот мобилен уред, преку медија приемникот, на телевизор.

## 6.3 ЗВУК

Опцијата **Звук** ви овозможува да конфигурирате:

- **Системски звуци** – вклучување/исклучување на системски звуци.
- **Surround звуци**– автоматска контрола со помош на апликација за surround звук, или трајно вклучување или исклучување на surround звук

## 6.4 АПЛИКАЦИИ

Опцијата **Апликации** овозможува да се провери листата на инсталирани апликации и вклучува информации за нивниот статус и овластувања.
Пречки во поставките на апликацијата може да предизвикаат нестабилно работење на уредот или трајно оштетување на Android TV системот. Се препорачува посебна претпазливост.

## 6.5 ЗАШТИТНИК НА ЕКРАН

Оваа опција ви овозможува да го конфигурирате системот во однос на периодот на неактивност.




## 6.6 КАПАЦИТЕТ И РЕСЕТИРАЊЕ

Враќањето на фабричките поставки резултира со бришење на сите податоци запишани во уредот. По завршување на оваа активност, ќе биде потребно да се направи повторна конфигурација на уредот.

За да ги вратите фабричките поставки на уредот:

- Изберете ја опцијата **Фабричко ресетирање на податоци** и потврдете со копчето **OK**.



o Потоа изберете ја опцијата **Избриши сè** и потврдете на копчето **OK**.




Избришаните податоци ќе бидат трајно отстранети и нема да можат да бидат вратени.

Операцијата за враќање на фабричките поставки може да биде прекината во секој момент, изберете ја опцијата **Откажи** или со употреба на копчето **Назад** на далечинскиот управувач.

**Алтернативен метод за фабричко ресетирање на податоци**



Задржете го копчето од десната страна на уредот во траење од 5 секунди, а потоа постапувајте согласно со пораките коишто ќе се појавуваат на екранот.

## 6.7 HDMI CEC

Опцијата **HDMI CEC** овозможува контрола на телевизорот и медија приемникот со помош на еден делачински управувач.




- **HDMI CEC** – вклучување / исклучување на функционалноста;
- **Вклучи/исклучи автоматска контрола на ТВ** – овозможува вклучување / исклучување на телевизорот со далечинскиот управувач од медија приемникот;
- **Вклучи/исклучи автоматска контрола на уредот** – овозможува вклучување /исклучување на медија приемникот со далечински управувач од телевизорот

Функцијата **HDMI CEC** ќе биде активна на телевизорот на којшто е поврзан уредот.

## 6.8 ЗА (ИНФОРМАЦИИ)

Опцијата **За** овозможува добивање на информации за уредот, како што се сериски број, софтверска и системска верзија како и ресетирање на уредот.

Уредот може да се ресетира и ако го задржите копчето **OK** подолго време – се до моментот кога ќе се појави прозорчето за ресетирање на уредот.



За да ја проверите достапноста на ажурирањата на системскиот софтвер, изберете ја иконката **Поставки** на главниот екран, а потоа следно: **За > Ажурирање на системот > Провери ажурирање**.

Кога ажурирањето ќе биде достапно, ќе добиете информација на екранот. (неопходен е пристап до интернет). После појавување на пораката, изберете ја опцијата **Ажурирај** и постапувајте во согласност со упатствата коишто ќе се појават на екранот.

За време на софтверското ажурирање, на екранот може да не се појави ниту една слика, а уредот може неколкукратно спонтано да се исклучи и да се вклучи. Ажурирањето може да трае од неколку до десетина минути. За време на инсталацијата на софтверското ажурирање, не го исклучувајте уредот од струја, не притискајте на копчето **ON/OFF** на далечинскиот управувач и на **ON/OFF** прекинувачот на задниот дел од уредот. Почекајте до моментот кога уредот повторно ќе се активира. Потоа постапувајте во согласност со упатствата.

## 6.9 ДАТУМ И ВРЕМЕ

Опцијата **Автоматски датум и време** бара уредот да има пристап до Интернет. Можете исто така датумот и часот да ги подесите рачно, исклучувајќи ја опцијата **Автоматски датум и време**.

## 6.10 ЈАЗИК

Можете да подесите јазик на интерфејсот или јазик на којшто е бидат претставени апликациите. Истовремено ќе биде сменет и јазикот на пребарувачот.

## 6.11 ТАСТАТУРА

Во овој дел можете да управувате со инсталираните тастатури на екранот.

## 6.12 ПОЧЕТЕН ЕКРАН

Овој дел ви овозможува да ги конфигурирате елементите, наречени канали, на почетниот екран и да го поставите редоследот по кој ќе се прикажуваат апликациите, како и инсталираните игри.

## 6.13 ПОМОШНИК НА GOOGLE

Оваа опција овозможува да изберете апликации, коишто ќе бидат пребарани при користење на функцијата пребарување (вклучувајќи го и гласовното пребарување) како и да поставите други параметри, поврзани со функцијата на Помошник на Google.

## 6.14 ПРИСТАПНОСТ

Можете да го прилагодите уредот на вашите очекувања со користење на поставувања и апликации кои го олеснуваат пристапот до функциите на уредот.

## 6.15 ДОДАДИ УРЕД

Уредите можете да ги поврзете со уредот преку Bluetooth или повторно да го поврзете далечинскиот управувач.

Опцијата **Уред** овозможува поврзување на други уреди преку Bluetooth, како што се звучник, тастатура или рачка за конзолна игра (џојстик).




**RC344N (далечински управувач)**

На далечинскиот управувач истврeмено задржете на копчето **OK** и ← во траење од 5 секунди, се до моментот кога ќе светне диодата на далечинскиот управувач.



Правилното поврзување на далечинскиот управувач ќе биде потврдено на екранот со пораката **Спарено.**

### Алтернативен метод за поврзување на далечинскиот управува



Притиснете на копчето од десната страна на уредот, и држете го 5 секунди се додека не се појави екранот за ресетирање. Потоа притиснете го уште еднаш и тогаш ќе се појави екранот за спарување. Потоа на далечинскиот управувач притиснете и истовремено задржете на копчињата **OK** и ←, во траење од 5 секунди се до моментот кога ќе светне диодата на далечинскиот управувач. Поврзувањето на далечинскиот управувач ќе биде потврдено со пораката **Спарено.**

Поврзувањето на други далечински управувачи, освен оној што е вклучен во комплетот, може да резултира со ограничување на функцијата. Производителот не е одговорен за какви било проблеми кои произлегуваат од таквите активности.

## 6.16 ЛОКАЦИЈА

Опцијата **Локација** овозможува да го вклучите и да го активирате / деактивирате определувањето на локацијата од страна на уредот и да проверите кои апликации користат дозвола за локација.

## 6.17 БЕЗБЕДНОСТ И ОГРАНИЧУВАЊА

Оваа опција овозможува да управувате со огранучувањата на Android TV системот. Достапни се следните опции:

- **Непознати извори** – инсталирани апликации од извори различни од Google Play може да предизвикаат нестабилна работа на уредот или трајно оштетување на Android TV системот. Се препорачува посебна претпазливост. Производителот не е одговорен за какви било проблеми кои произлегуваат од таквите активности.
- **Ограничен профил** – овозможува креирање на профил со ограничен пристап, каде што ќе може да се конфигурираат апликации за него.

## 6.18 УПОТРЕБА И ДИЈАГНОСТИКА

Оваа опција овозможува активирање или деактивирање на учеството во програмата за подобрување на Android системот.

## 6.19 СМЕТКИ

Најавувањето на сметката на Google, меѓу другото овозможува пристап до ресурсите на Google Play продавницата како и добивање на лични препораки коишто се однесуваат на филмови и музика. Сметката на Google исто така овозможува пристап до омилените видео содржини на YouTube сервисот.

## 6.20 ДОДАЈ СМЕТКА

Опцијата **Додај сметка** овозможува да се најавите на сметката на Google или да креирате нова сметка на Google.

# 7. GOOGLE PLAY

Со користење на Google Play услугите, можете да преземате и инсталирате нови апликации, игри, видео и музички записи  или временска прогноза. За да ги користите услугите на Google Play, треба да бидете најавени со Google сметката на уредот како и да имате пристап до интернет. Пристапот до услугите е бесплатен, но сепак некои апликации или игри може да се плаќаат.

## 7.1 ИНСТАЛИРАЊЕ АПЛИКАЦИЈА

За да инсталирате нова апликација, направете ги чекорите дадени подолу:

- Одете на почетниот екран притискајќи на копчето **Дома**. Потоа од листата **Апликации** изберете Google Play и потврдете со притискање на копчето **OK**. Пребарајте ја апликацијата за инсталирање, изберете ја опцијата **Инсталирај** и потврдете со копчето **OK**. По инсталирањето, апликацијата ќе биде достапна под **Апликации**.
- За да ја затворите Google Play услугата, притиснете неколку пати на копчето **Назад** или употребете го копчето **Дома**.

## 7.2 ДОДАВАЊЕ АПЛИКАЦИИ НА ПОЧЕТНИОТ ЕКРАН

За да додадете апликации на почетниот екран, направете ги чекорите дадени подолу:

- Од почетниот екран, преминете на последниот елемент во редот на апликациите, означен со знакот  +, изберете ја бараната апликација, а потоа потврдете го изборот со копчето **OK**.
- Од листата **Апликации** изберете ја бараната апликација со притискање на копчето **OK**.

# 8. ТРГОВСКИ МАРКИ

Производителот не бара никакви права за трговските марки коишто се именувани во оваа публикација.
Сите називи, производи или сервиси се заштитени со трговски марки од страна на соодветните фирми.

**HDMI**
Термините HDMI, HDMI High-Definition Multimedia Interface како и лого HDMI се трговски марки или заштитени трговски марки на компанијата HDMI Licensing LLC во САД и други држави.

**Dolby Audio**
Произведено е по лиценца на компанијата Dolby Laboratories. Називот и логото на  Dolby, Dolby Audio како и симболот со двојната буква D се трговски марки на компанијата  Dolby Laboratories.
Други трговски марки

Сите други заштитени и незаштитени трговски марки се сопственост на соодветните компании.